Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Годишниот извештај**
**на Општина Центар-Скопје за 2017 година**

Се објавува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2017 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на десеттата седница, одржана на 13.3.2018 година.

Бр. 09-1280/11
13.3.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ

Изготвил: У.Стојанова-Арсова
Контролирал: Г.Мицевски

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11 и 192/15) и член 26 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06), Советот на Општина Центар-Скопје на десеттата седница, одржана на 13.3.2018 година, усвои

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**на Општина Центар-Скопје за 2017 година**

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2017 година.

**Член 2**

Составен дел на Годишниот извештај се:

- Годишна (завршна) сметка на Буџетот на Општина Центар-Скопје
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност
- Извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок-дотациите и дотациите за делегирани надлежности
- Извештај за користење на средствата од тековната и од постојаната резерва
- Извештај од одговорниот сметководител со кој се потврдуваат точноста и веродостојноста на годишната сметка

**Член 3**

Овој Годишен извештај влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1280/10
13.3.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска

**Извештај за средствата , побарувањата , обврските и изворите на средства и нивната вредност**

Состојба на средствата и изворите на средствата на 31.12.2017 година е следна :

| | | Редовни побарувања | Спорни и сомнителни побарувања |
|---|---|---|---|
| 1 | Побарувања по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште | 6.820.419,00 ден. | 4.225.645,00 ден. |
| 2 | Побарувања по основ на даден деловен простор под закуп | 1.254.365,00 ден. | 242.098,00 ден. |
| 3 | Побарувања по основ на присилно административно извршување- рушење на диви градби и отстранување на урбана опрема | 23.467.549,00 ден. | 3.469.784,00 ден. |
| 4 | Побарувања по основ на данок на имот за физички лица | 47.074.367,00 ден. | 4.420.837,00 ден. |
| 5 | Побарувања по основ на данок на имот за правни лица | 34.464.917,00 ден. | 6.258.889,00 ден. |
| 6 | Побарувања по основ на комунална такса за истакнување на фирма односно деловна просторија | 40.800.558,00 ден. | 32.227.179,00 ден. |
| **Вкупни побарувања** | | **153.882.175,00 ден.** | **50.844.432,00 ден.** |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Обврски по основ на ф-ри за комунални услуги ( вода, струја, телефон , ѓубретарина, парно ) | 960.522,00 ден. |
| 2 | Обврски по основ на неисплатена плата за м.12/2017 година на редовно вработени лица | 3.501.411,00 ден. |
| 3 | Обврски по основ на материјални трошоци ( тековни трошоци за набавка на стоки и услуги за редовно работење на општината ) | 436.334,00 ден. |
| 4 | Обврски по основ на ДДВ | 9.293.271,00 ден. |
| 5 | Обврски по основ на Програма Ј - Комунални дејности | 13.702.112,00 ден. |
| 6 | Обврски по основ Програма Ф - Урбано планирање и уредување на просторот | 89.604.514,00 ден. |
| 7 | Обврски по основ на улично осветлување | 4.380.992,00 ден. |
| 9 | Обврски по основ Програма Н - Образование | 5.152.751,00 ден. |
| 10 | Обврски по основ Програма К- Културни манифестации и творештво | 2.011.008,00 ден. |
| 11 | Обврски по основ на главница од кредит | 172.252.861,00 ден. |
| 12 | Обврски по основ Програма ГА - Изградба на комерцијални објекти | 3.991.332,00 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Останати обврски по програми | 6.787.021,00 ден. |
| **Вкупни обврски** | | **312.074.129,00 ден.** |

**Извештај**
**за реализација на инвестиционите програми, капиталните и блок дотациите**

Во текот на 2017 година, согласно донесените програми од страна на Советот, Општина Центар – Скопје реализираше повеќе инвестициони работи.

По Програма Ф, Потпрограма ФА – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци), изведени се работи во вкупна вредност од 127.814.078,00 денари.

Во рамките на оваа потпрограма изработени се проекти за изградба на објекти од комунална инфраструктура во вкупна вредност од 3.447.105,00 денари, вклучувајќи проекти за водоводна, фекална и атмосферска мрежа, за електрична мрежа, проекти за коловоз, за тротоари, велосипедски и пешачки патеки, проекти за партерно уредување, проекти за сообраќајно обележување, сообраќајни режими и сообраќајни планови при изведба на изградба и реконструкција.

За изградба на сервисни и станбени улици кои се финансираат 100% од страна на општината, изведени се работи во вредност од 45.632.473,00 денари, и тоа:

- Изградени се водоводна мрежа, фекална и атмосферска мрежа во вкупна вредност од 8.685.822,00 денари; јавно осветлување во вредност од 2.394.288,00 денари; тротоари, велосипедски, пешачки патеки, архитектонски бариери, столбчиња и хортикултурно и партерно уредување во вкупна вредност од 22.159.702,00 денари. Во текот на 2017 година беа реализирани плаќања во вредност од 12.392.661,00 денари, а се однесуваа на судски решенија и налози за извршување по работи завршени во претходни години.

Изведена е реконструкција на улици и патишта во вкупна вредност од 65.586.773,00 денари, и тоа:

- Интервенции на инфраструктурата на повеќе локации во вредност од 1.694.555,00 денари, реконструкција на коловоз во вредност од 51.674.139,00 денари, и реконструкција на тротоари, пешачки, велосипедски патеки во вредност од 12.218.079,00 денари.

Во рамките на истата потпрограма за изградба на други објекти реализирани се плаќања во вкупна вредност од 9.494.975,00 денари и тоа за изградба на монтажниот паркинг зад ТЦ Буњаковец завршена во 2016 година.

Согласно Програмата Ј- Комунални дејности Општина Центар – Скопје во текот на 2017 година ги реализираше следните работи:

Во рамки на Потпрограмата ЈМ – Паркови и зеленило, инвестирано е во изградба и реконструкција на паркови и зелени површини, а инвестициите во рамките на оваа програма се во вредност од 11.960.159,00 денари. Во однос на оваа потпрограма изведени се работи на следните локации: од бул. „Димитрие Чуповски“ до бул. „Св.Кирил и Методиј“ (втор дел) каде вкупната обработена и озеленета

површина изнесува 1.730м$^2$ и поставени се системи за наводнување во должина од 2.525м; на локација околу црква Св.Јован, подножје на Водно на ул. „Загребска“ обработена е и озеленета површина од 637м$^2$ и поставени се системи за наводнување во должина од 1.260м; на локација на ул. „Елисие Поповски“ каде вкупната обработена и озеленета површина изнесува 576м$^2$, и на која се поставени системи за наводнување во должина од 650м; околу Агромеханика, од бул.„Илинден“ до бул. „Партизански одреди“ каде вкупната обработена и озеленета површина изнесува 1.718м$^2$ со поставени системи за наводнување во должина од 4.410м; на косина на ул.Питу Гули обработена е и озеленета површина од 619м$^2$.

Изведено е хортикултурно уредување на површина од 320м$^2$ со цветен расад од 8.000 парчиња на следните локации: Сквер Јадран, Сквер на ул. „Михаил Цоков“, ул. „Никола Вапцаров“, Работнички дом, од Зелен Пазар до ОУ „Гоце Делчев“, кај комплекс „Агромеханика“, во населба Пролет, кај кружен ток на ул. „Н.Н.Борче“, ул. „Даме Груев“ Градски Ѕид кај 7 ца и спроти Рамстор кај станбени блокови.

Во рамки на Потпрограмата ЈН – Урбана опрема, во текот на 2017 година поставена е нова урбана опрема во вкупна вредност од 2.684.070,00 денари.

Во рамки на оваа програма, изработени се и поставени парковски клупи на следните локации: ул. „Питу Гули“ 2 парчиња; бул. „Партизански Одреди“ бр.21 кај Грчки Конзулат 3 парчиња; ул. „Народен фронт“ 4 парчиња; ул. „Козара“ ЈДУ Кочо Рацин 2 парчиња; Градски Ѕид во близина на Дом на градежници 5 парчиња; ул. „Радњанска“ Боемска втор дел 24 парчиња.

Изработени се и поставени метални корпи за отпадоци, и тоа: шест корпи за отпадоци на ул.„Ристо Шишков“ (од ул. „Н.Н. Борче“ до ул. „Аминта III“); две корпи на ул. „Аминта III“ (од бул. „Илинден“ до ул. „ Ристо Шишков“); пет корпи на ул.„ Аминта III“ (од ул. „Ристо Шишков“ до ул. „Ј.Х. Цинот“); четири во населба Водно; 5 во населба Старо Водно; по шест корпи во Градски Ѕид блок 9, во Парк на Новинари и на ул. „Козара“; седум корпи во Населба Пролет; 8 во Градски Ѕид бул.„Даме Груев“; 11 корпи во населба Дуќанџик; 12 на ул. „Народен фронт“; 13 на ул. „Радњанска“ Боемска втор дел; по 15 корпи на ул. „Ленинова“ и ул. „Костурки Херои“ ; по три корпи кај комплекс објекти позади Даре Џамбаз, на ул,,Михаил Цоков,, и во нас.Крњево; по две корпи на пристапна улица Зелен пазар, на плочник позади Алфа банка; кај Објект Хармоника, во нас.Пролет и кај Олимписки Базен; по една корпа на ул. „8ми Март“, ул. „Пајак“, заден влез кај Зелен Пазар, на патека во близина на Канцеларија за Млади и пешачака патека кон бул. „Даме Груев“.

Поставена е една чешма – мала фонтана во Градски ѕид - Индијанско Маало и изработен е и монтиран еден летниковец во населба Водно.

Во рамки на Потпрограмата ЈЛ – Други комунални услуги извршена е реконструкција на фасади избрани на јавен повик во вкупна вредност од 21.561.390,00 денари, и тоа довршување на реконструкција

на фасада на објект на бул. „Климент Охридски“ бр. 13, на бул. „Климент Охридски“ бр. 13А и на бул. „Илинден“ бр.83, започната и во целост изведена реконструкција на фасади на ул. „Цицо Поповиќ“ бр.4 и ул. „Цицо Поповиќ“ бр.7. Исто така изведена е и санација на кров на објект на ул. „Кочо Рацин“ бр.7 и санација на штета настаната од пожар на станбен објект на ул.„Славејко Арсов“ бр. 2.

По Потпрограмата ЛА- Спорт и рекреација (капитални расходи), од страна на Општина Центар – Скопје во текот на 2017 година изведени се работи во вкупна вредност од 3.753.376,00 денари, во функција на изградба и реконструкција на спортски и детски игралишта и нивно опремување со детски реквизити, и тоа на детски игралишта во Градски Ѕид блок 1 – едно детско катче (мулти елемент), под од гума 170м$^2$ , комплет со бетонирање на темелна плоча; во Градски Ѕид блок 2- 1 дводелна клацкалка, 1 детско катче (мулти елемент), под од гума 160м$^2$, комплет со бетонирање на темелна плоча.

Во текот на 2017 година по Потпрограмата КА – Културни манифестации и творештво (капитални расходи) реализирани се плаќања во вкупна вредност од 96.665.278,00 денари, а се однесуваат на судското порамнување помеѓу Општина Центар – Скопје и ДГ Бетон АД Скопје за активности за изградба на спомен обележја реализирани во претходни години.

За реконструкција на основните училишта, изведени се работи во вредност од 1.228.257,00 денари, и тоа за започнатата доградба и реконструкција на објектот на ООУ „ Гоце Делчев“ и за основен проект за реконструкција на водоводна и фекална мрежа во ООУ „11 Октомври“.

Во 2017 година Општина Центар – Скопје за изградба на новото општинско училиште во населба Капиштец изведе работи во вредност од 91.644.388,00 денари (финансирано со кредитно задолжување).

Во функција на реконструкција на детски градинки во 2017 година Општина Центар финансираше средства во износ од 164.267,00 денари за изработка и ревизија на основен проект за адаптација на простор за вградување на лифт во ЈУДГ „Кочо Рацин“ и за изработка и ревизија на основен проект за реконструкција на фасада на ЈУДГ „ Р.Ј. Корчагин“. Општина Центар - Скопје во соработка со Фондација Отворено општество - Македонија во рамки на проектот „Општина по мерка на граѓаните“ во текот на 2017 година инвестираше во реконструкција на фасадна столарија во ЈУДГ „ Р.Ј. Корчагин“ во вредност од 1.168.611,00 денари.Исто така реализирани се плаќања согласно договорената динамика на плаќање во вредност од 7.577.108,00 денари за изведени и завршени реконструктивни зафати на матичниот објект на градинката „13ти Ноември“ во 2016 година.

Блок дотациите од Буџетот на Република Македонија со кои Општина Центар ги финансира своите надлежности во социјалната и детска заштита и во образованието, за 2017 година изнесуваа вкупно 259.894.640,00 денари, од кои 171.811.721,00 денари беа наменети за

финансирање на надлежноста основно образование, и 88.082.919,00 денари за финансирање на надлежноста детска заштита.

Блок дотацијата наменета за основно образование беше распределена по видови на расходи, и тоа: 158.766.714,00 денари за плати и надоместоци за вработените, и 13.045.007,00 денари за тековно оперативни трошоци.

Реализацијата на блок дотацијата за тековно оперативните расходи по училиштата се одвиваше на следниот начин:

- За тековно одржување на ОУ „Коле Неделковски" реализирани се трошоци во износ од 1.702.000,00 денари
- За тековно одржување на ОУ „Ј.Х Песталоци" реализирани се трошоци во износ од 2.184.000,00 денари
- За тековно одржување на ОУ „Кочо Рацин" реализирани се трошоци во износ од 2.122.000,00 денари
- За тековно одржување на ОУ „Гоце Делчев" реализирани се трошоци во износ од 1.345.000,00 денари
- За тековно одржување на ОУ „11-ти Октомври" реализирани се трошоци во износ од 1.847.238,00 денари
- За тековно одржување на ОУ „Димитар Миладинов" реализирани се трошоци во износ од 2.279.769,00 денари
- За тековно одржување на ОУ „Кирил и Методиј" реализирани се трошоци во износ од 1.565.000,00 денари

Во однос на средствата наменети за превоз на учениците од основно образование (вклучени во горенаведените тековно оперативни расходи) реализирани се следните износи по училишта:

- ОУ "Коле Неделковски" - 70.667,00 денари
- ОУ „11-ти Октомври" - 167.496,00 денари
- ОУ „Димитар Миладинов" - 157.432,00 денари
- ОУ „Св. Кирил и Методиј" - 351.000,00 денари
- ОУ „Гоце Делчев" - 18.906,00 денари
- ОУ „Песталоци" - 36.000,00 денари
- ОУ „Кочо Рацин" – 21.700,00 денари

Блок дотацијата наменета за детските градинки беше рапределена по видови на расходи, и тоа: 73.963.797,00 денари за плати и надоместоци за вработените, и 14.119.122,00 денари за тековно оперативни трошоци.

Реализацијата на блок дотацијата за тековно оперативните расходи по градинките се одвиваше на следниот начин:

- За тековно одржување на ЈУДГ „Р. Ј. Корчагин" реализирани се трошоци во износ од 3.530.752,00 денари
- За тековно одржување на ЈУДГ „Кочо Рацин" реализирани се трошоци во износ од 4.732.337,00 денари
- За тековно одржување на ЈУДГ „13 Ноември" реализирани се трошоци во износ од 5.856.033,00 денари

## Годишен извештај за користење на средствата од Буџетските резерви за 2017 година

| Р.Бр. | Име и презиме и број на одлука | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Согласно Одлука донесена на Совет на Општина Центар-Скопје бр.08-875/56 од 24.02.2017 година одобрени се парични средства на Тофил Себишки, за санација на штета настаната од земјотрес ( вклучително и персонален данок на доход ). | 66.666,00 |
| 2. | Согласно Одлука донесена на Совет на Општина Центар-Скопје бр. 08-875/40 од 24.02.2017 година одобрени се парични средства на "Филозофското друштво на Македонија", за печатење на Зборник на текстови од научна конференција. | 15.000,00 |
| 3. | Согласно Одлука на Совет на Општина Центар- Скопје бр.08-875/58 од 24.02.2017 година одобрени се парични средства на Анета Георгиевска, за санација на покрив ( вклучително и персонален данок на доход ). | 66.666,00 |
| 4. | Согласно Одлука донесена на Совет на Општина Центар-Скопје бр.08-5485/12 од 24.02.2017 година одобрени се средства на Благој Витковски, за штета настаната од невреме ( вклучително и персонален данок ). | 55.555,00 |
| 5. | Согласно Одлука донесена на Совет на Општина Центар-Скопје бр.08-875/60 од 24.02.2017 година одобрени се парични средства на Сашо Куковски родител-старател на Јана Куковска, за учество на Јана Куковска на натпревари по уметничко лизгање (вклучително и персонален данок на доход ). | 55.556,00 |
| 6. | Согласно Одлука донесена на Совет на Општина Центар-Скопје бр.08-5826/44 од 03.03.2017 година одобрени се парични средства на Здружението на граѓани "Прогресивни сили Маџир маало"-Скопје, за организирање на манифестацијата "Тредиционални маџирмаалски средби" за 2017 година. | 20.000,00 |
| 7. | Согласно Одлука донесена на Совет на Општина Центар-Скопје бр.08-1549/20 од 04.04.2017 година одобрени се парични средства на Здружението "Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство", за реализирање на предвидените активности. | 90.000,00 |
| 8. | Согласно Одлука донесена на Совет на Општина Центар-Скопје бр.08-2819/8 од 29.06.2017 година одобрени се | 66.666,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | средства на Биљана Петреска, професор по хемија во СУГС гимназија "Раде Јовчески–Корчагин" – Скопје, заради учество на Филип Трајковски, ученик во IV година и на Антонио Андоновски, ученик во III година во СУГС гимназија "Раде Јовчески–Корчагин" – Скопје на Интернационалната хемиска олимпијада во Тајланд, Бангкок. ( вклучително и персонален данок на доход ). | |
| | **Вкупно исплатени** | **436.109,00** |

## Состојба на жиро сметки заклучно со 31.12.2017 година

| | |
|---|---|
| - Состојба на сметка на буџет | 89.456.443,00 ден. |
| - Состојба на сметката за блок дотации | 287.244,00 ден. |
| - Состојба на сметката за кредит за изградба на основно училиште во Општина Центар | 0 ден. |
| - Состојба на донаторската сметка за проектот " Општина по мерка на граѓаните " | 923.189,00 ден. |
| - Состојба на донаторската сметка за помош на социјално загрозени групи | 534.766,00 ден. |
| - Состојба на сметката за трансфери од агенција за државни патишта | 0 ден. |
| - Состојба на сметката за трансфери до ОИК | 26.800,00 ден. |
| - Состојба на сметката за проектот Општинско-корисна работа | 93.000,00 ден. |
| - Состојба на сметката за едношалтерски систем на Агенцијата за катастар на недвижности | 440.738,00 ден. |
| Вкупно | 91.762.180,00 ден. |

# Извештај

Сметководствената евиденција во Општина Центар- Скопје се води согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и прифатените сметководствени политики и сметководствени стандарди . Во сметководството се обезбедуваат податоци поединечно по сите видови на приходи и други видови на приливи , за расходите и другите одливи.

Податоците во годишната ( завршна сметка ) на Општина Центар- Скопје за сите сметки го искажуваат реалното трошење на средствата по програми, потпрограми и намени , како и остварувањето на сите приходи по сметки, потсметки и по видови на приходи.

Согласно законот за јавна внатрешна финансиска контрола воспоставени се пишани процедури за движење на документите , нивна контрола и евидентирање во сметководството на Општина Центар- Скопје.

Раководител на Одделение за буџетска
координација

Андриана Аларова